Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**


**Државен Инспекторат за животна средина**
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243


ИП1 бр. 29-911
Дата: 29.09.2025 година

[redacted]

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на надзор ЈПКД Тополка Чашка, со седиште на ул. Илинденска бр. 5 Чашка, застапуван од Сања Миланова-Јованов–в.д. директор. Со Записник бр. 29-911 од 25.09.2025г. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 117 став 2 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РСМ бр. 216/21, 03/25) донесе:

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ НАРЕДУВА** на ЈПКД Тополка Чашка, со седиште на ул. Илинденска бр. 5 Чашка:

   1.1 Да ја огради и обезбеди депонијата за времено депонирање на комунален отпад со која управува.
   Рок: 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението.

   1.2 Генерално да го исчисти главниот пристапен пат до депонијата од отпад и просторот да го доведе во задоволителна состојба.
   Рок: 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението.

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1. на ова решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на надзор ЈПКД Тополка Чашка, со седиште на ул. Илинденска бр. 5 Чашка, на времена локација за депонирање на отпад која е лоцирана на КП 456/2 КО Раковец Општина Чашка.

Надзорот се изврши за да се утврди состојбата со локацијата за времено депонирање на отпад на општината и управувањето со отпадот согласно прописите за управување со отпадот, во соработка со МВР СВР Велес. При надзорот беше присутна Сања Миланова-Јованов–в.д. директор. За утврдената фактичка состојба се изготви Записник за констатација со бр. 29-911 од 25.09.2025 година.

[redacted]

При надзорот се констатира дека депонијата за отпад на територијата на Општина Чашка е од времен карактер. За времената локација е обезбедена Согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање за депонија за комунален отпад со бр. 11-1409/2 од 09.05.2006г. Депонијата не е оградена во целост, ниту има пристапна рампа/влез, односно не е обезбедена за неовластен пристап на надворешни лица, што е спротивно од техничките услови за времено депонирање на комунален отпад и санациони работи на постојните депонии, утврдени од страна на Стручниот орган.

Лево и десно од главниот пристапен пат се наоѓаат значителни количини отпад од различен вид (градежен шут, комунален отпад, габаритен отпад). Со ова главниот пристап до депонијата е ограничен за возилата на јавното претпријатие кои собраниот отпад од домаќинствата и правните субјекти го транспортираат до депонијата. Општината нема вработено инспекциска служба која ќе го санкционира неовластеното исфрлање отпад на јавна површина.

Од овластувањата што произлегуваат од член 116, став 1 точка 59 и 60, врз основа на член 117 став 2, а во врска со член 139 став 3 и 5 од Законот за управување со отпадот, Државниот инспектор за животна средина го донесе оваа решение.

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поведе прекршочна постапка пред надлежен прекршочен орган, а во согласност со член 117 став 3 од Законот за управување со отпадот.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.
Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административна такса и се поднесува во два примероци.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Велес под ИП1бр. 29-911, на ден 29.09.2025г.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243